**СТОМАТОЛОШКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА**
**ODA STOMATOLOGJIKE E MAQEDONISË**
**MACEDONIAN DENTAL CHAMBER**

Бр. **02-854/1**
**Скопје, 18.07.2024 година**

Врз основа на член 19 став 8 од Статутот на Стоматолошката комора на Македонија-пречистен текст *(Службен Весник на Република Северна Македонија бр. 46/2023)* и член 4 став 1 од Правилникот за избор и отповикување на членови во регионалните одбори, делегати на Собранието и претседател на Стоматолошката комора на Македонија-пречистен текст бр.02-830/8, Претседателот на Стоматолошката комора на Македонија на **18.07.2024 година** донесе

**О Д Л У К А**
**за распишување избори за членови во РО ПРИЛЕП**

**Член 1**

Се распишуваат избори за двајца членови на **Регионален одбор Прилеп,** за подрачјето на општините: Прилеп, Долнени, Кривогаштани, Крушево и Македонски Брод.

**Член 2**

Изборите за членови на **Регионален одбор Прилеп,** за подрачјето на општините: Прилеп, Долнени, Кривогаштани, Крушево и Македонски Брод ќе се спроведат согласно роковник на Централната изборна комисија.

**Член 3**

Изборите од точка 1 на ова Одлука ќе се спроведат согласно Статутот на Стоматолошката комора на Македонија-пречистен текст *(Службен весник на Република Северна Македонија бр. 46/2023)* и Правилникот за избор и отповикување на членови во регионалните одбори, делегати на Собранието и Претседател на Стоматолошката комора на Македонија бр. 02-830/8 од 12.07.2024 година и роковник на Централната изборна комисија.

**Член 4**

Со денот на донесување на оваа одлука започнуваат да течат роковите за преземање на соодветните изборни дејствија со цел спроведување на изборите од точка 1 на оваа Одлука.

**Член 5**

Оваа Одлука стапува со денот на нејзиното донесување.

Со денот на влегување во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката бр. 02-512/1 од 22.04.2024 г. на Претседателот на Комората.

**Член 6**

Оваа Одлука ќе се објави на web-страната на Комората.

**СТОМАТОЛОШКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА**
Претседател,
д-р Маријан Денковски

М.П.

Ул „Балзакова" бр. 32, Скопје
skm@skm.mk
www.skm.mk